**Бр. 0801-297/9**
**16.08.2005год.**

**Градоначалник на**
**општина Демир Капија**
**Тодор Тошевски**

---

Врз основа на член 22 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ" бр.60/04), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), и член 21 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Капија („Сл.гласник на општина Демир Капија" 2/03), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на 15.08.2005 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на висината на стапката на данокот на промет на недвижности за подрачјето на општина Демир Капија**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапката на данокот на промет на недвижности за подрачјето на општина Демир Капија.

Член 2

Стапката на данок на недвижности изнесува **3%** од пазарната вредност на недвижноста што е предмет на оданочување утврдена според методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општина Демир Капија.

**Бр.0701 – 296/10**
**15.08.2005 год**

**Совет на општина Д Капија**
**Претседавач,**
**Киро Глигоров**

---

Врз основа на член 37 став 1 од Статутот на општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката **за утврдување на висината на комуналните такси за подрачјето на општина Демир Капија,** што Советот на општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на ден 15.08.2005 год.

**Бр. 0801-297/10**
**16.08.2005год.**

**Градоначалник на**
**општина Демир Капија**
**Тодор Тошевски**

---

Врз основа на член 2, член 3 и член 20 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ."бр.61/04), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."БР.05/02) и член 21 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија"бр.02/03), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 15.08.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на висината на комуналните такси за подрачјето на општина Демир Капија**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналните такси за сите обврзници на комунална такса од подрачјето на општина Демир Капија.

Член 2

Висината на комуналните такси се утврдува според Тарифата за комуналните такси во следните износи:

**Тарифа број 1**

За фирма,односно назив на:

а)деловните простории на физичките лица кои вршат дејност……………………………2000,00ден.

б) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност а данокот го плаќаат во паушален износ……………………………. 550,00ден.

в) деловните простории на трговските друштва и другите правни

лица од областа на призводството, прометот и услугите………… 6000,00ден.

- продавници, киосци, деловни единици и слично ……………..2000,00ден

- деловни простории на правни лица од комуналните дејности……………………..…3000,00ден.

- деловните простории на трговните друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат привремено ….….3000,00ден

**Тарифа број 2**

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба – дневно…………………………..30,00 ден.

**Тарифа број 3**

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност -од $м^2$ дневно……………………..…7,00 ден.

**Тарифа број 4**

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до 7 дена ………………600,00 ден.
- до 30 дена………….. 1.000,00 ден.
- до 1(една) година……1.200,00 ден

**Тарифа број 5**

За користење на музика во јавни локали

- годишно …………….. 4.000,00 ден.

**Тарифа број 6**

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност …………………….….1.000,00 ден.
- за правните лица од областа на производството, прометот и услугите……………………..2.000,00 ден

**Тарифа број 7**

За користењето на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од $м^2$ дневно………………………….4,00 ден

**Тарифа број 8**

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

- паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта- дневно…..20,00 ден
- паркирање на товарни моторни возила и автобуси- дневно……..50,00 ден
- паркирање на приколки – дневно…………….…………30,00 ден

**Тарифа број 9**

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и моторцикли и тоа:

- за патнички возила до 1000 кубика ………………………………..50,00 ден
- за патнички возила до 1000 до 1300 кубика ……………………………70,00 ден
- за патнички возила до 1300 до 1500 кубика ………………………100,00 ден

- за патнички возила до 1500 до 1800кубика ……………………..300,00 ден
- за патнички возила над 1800 кубика …………………………..450,00 ден
- за товарни возила по тон носивост ……………………………………100,00 ден
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници…500,00 ден
- за специјални возила …...50,00 ден
- за сите видови мотоцикли……………………….40,00 ден.

**Тарифа број 10**

За користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 КВч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Капија.

**Бр.0701 – 296/11** **Совет на општина Д Капија**
**15.08.2005 год** **Претседавач,**
**Киро Глигоров**

| | класа | |ниви | лозја | Ов.градини |
|---|---|---|---|---|---|
| Демир Капија 1 | I | | 64,0 | 70,0 | 64,0 |
| Демир Капија 2 | II | | 56,0 | 62,0 | 56,0 |
| Чифлик | III | | 48,0 | 54,0 | 48,0 |
| Дошница | IV | | 40,0 | 46,0 | 40,0 |
| | V | | 32,0 | 38,0 | 32,0 |
| | VI | | 24,0 | 30,0 | 24,0 |
| | VII | | 16,0 | 22,0 | 16,0 |
| | VIII | | 8,0 | 14,0 | 8,0 |

| | класа | | ниви | лозја | Ов.градини |
|---|---|---|---|---|---|
| Корешница | I | | 38,0 | 43,0 | 38,0 |
| Бистренци | II | | 34,0 | 39,0 | 34,0 |
| | III | | 30,0 | 35,0 | 30,0 |
| | IV | | 25,0 | 30,0 | 25,0 |
| | V | | 20,0 | 25,0 | 20,0 |
| | VI | | 15,0 | 20,0 | 15,0 |
| | VII | | 10,0 | 15,0 | 10,0 |
| | VIII | | 5,0 | 10,0 | 5,0 |

| | класа | | ниви | лозја | Ов.градини |
|---|---|---|---|---|---|
| Прждево | I | | 26,0 | 28,0 | 26,0 |
| Дрен | | | | | |
| | II | | 20,0 | 24,0 | 20,0 |
| | III | | 17,0 | 22,0 | 17,0 |
| | IV | | 14,0 | 20,0 | 14,0 |
| | V | | 12,0 | 16,0 | 12,0 |
| | VI | | 10,0 | 12,0 | 10,0 |
| | VII | | 8,0 | 10,0 | 8,0 |
| | VIII | | 5,0 | 7,0 | 5,0 |

| | класа | | ниви | лозја | Ов.градини |
|---|---|---|---|---|---|
| Клисура | I | | 12,0 | 14,0 | 12,0 |
| Иберли | II | | 10,0 | 12,0 | 10,0 |
| Челевец | III | | 8,0 | 10,0 | 8,0 |
| Кошарка | IV | | 6,0 | 8,0 | 6,0 |
| Драчевица | V | | 4,0 | 6,0 | 4,0 |
| Барово | VI | | 2,5 | 3,0 | 2,5 |
| | VII | | 2,5 | 3,0 | 2,5 |
| Бесвица | VIII | | 2,5 | 2,5 | 2,5 |

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија" а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 08 – 1118/9
30.12.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси за подрачјето на општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси за подрачјето на општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.12.2019 година.

Број 09 – 1142/7
31.12.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 2 и 3 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16), Советот на општина Демир Капија на XXVII седница одржана на ден 30.12.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси за подрачјето на општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси за подрачјето на општина Демир Капија бр.07-296/11 од 15.08.2005 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.5/2005).

Во членот 2 Тарифа бр.3 се менува и гласи:

"За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност- од м2 дневно................................ 5,00 ден."

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".